[redacted]

До: <u>Основен суд Кратово</u>
(имател на информацијата)

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ ~~СУ~~.бр. 5/23
14.06.2023 година
Кратово

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ја достави следната информација од јавен карактер:

**За буџетска ставка 480 – Купување на опрема и машини**

1. **Износи по аналитички конта за синтетичката ставка 480 за Почетниот Буџет, ребалансот на Буџетот и Завршната сметка (извршувањето) на Буџетот за 2022 година за вашата институција.**
2. **Објаснување на причините за намалувањето и нереализацијата на средствата од буџетската ставка 480 – Купување на опрема и машини за 2022 година, во однос на Почетниот буџет, ребалансот на Буџетот и Завршната сметка (извршувањето) на Буџетот за 2022 година.**
3. **Список на планирани (без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот), а нереализирани купувања, набавки и плаќања од буџетската ставка 480 – Купување на опрема и машини од Буџетот на вашата институција за 2022 година, со нивната поединечна вредност.**

**За буџетската ставка 481 – Градежни објекти**

**Список на планирани (без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот), а нереализирани објекти/проекти од буџетската ставка 481 – Градежни објекти од Буџетот на вашата институција за 2022 година, со наведување на локација на тие објекти/проекти и нивната поединечна вредност.**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **<u>г) електронски запис</u>**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

481

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

Во Скопје, 13.06.2023 година

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.5/23
20.06.2023 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВРСКА:** Ваше барање бр.0302-589/1 од 13.06.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение СПИ.бр.5/23 од 20.06.2023 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.5/23
20.06.2023 година
К р а т о в о

Врз основа на чл.20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/2019) постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено по електронска пошта на ден 14.06.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од барателот [redacted] 589/1 од 13.06.2023 година, за пристап до информации од јавен карактер СЕ УВАЖУВА целосно.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од барателот [redacted] имателот на информацијата Основен суд Кратово, ви ги доставува следните информации:

За буџетска ставка 480 – Купување на опрема и машини

1. Износи по аналитички конта за синтетичката ставка 480 за 2022 година
- за почетниот Буџет – износ од 1.551.972,00 денари
- за ребаланс на Буџетот - износ од 1.551.972,00 денари
- за Завршната сметка (извршувањето) на Буџетот - износ од 1.551.972,00 денари.

2. Нема намалување и нереализација на средствата од буџетската ставка 480 – Купување на опрема и машини за 2022 година, во однос на почетниот Буџет, ребалансот на Буџетот и завршната сметка.

3.Список на планирани, а нереализирани набавки на ставката 480 купување на опрема и машини за 2022 година :
На потставка 480160 - износ од 120.000,00 денари за набавка на климатизери
На потставка 480190 - износ од 350.000,00 денари и тоа за набавка на метални архивски ормари износ од 50.000,00 денари и набавка на детектор врата износ од 300.000,00 денари.

За буџетска ставка 481 – Градежни објекти

Список на планирани, а нереализирани објекти /проекти од буџетската ставка 481 –

На потставка 481230
– Замена на прозорци на судската зграда во износ од 2.398.908,00 денари.
- Изработка на енергетски ефикасна фасада со реновирање на влезна партија за судската зграда во вкупен износ од 1.096.940,00 денари
- Замена на внатрешни врати на судската зграда во износ од 507.270,00 денари
- Набавка и инсталација на фотоволтаици на судската зграда во износ од 870.000,00 денари.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Основен суд Кратово на 20.06.2023 година, под СПИ бр.2/23

По овластување на претседателот на судот
Сужбено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО Република Северна Македонија